Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија", бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 31.7.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект **ХОТЕЛ УНИ ПАЛАС 2**, со седиште на ул.Индустриска бб Кавадарци ги исполнува условите за Хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Македонија.

**Образложение**

ДПТ УНИВЕРЗАЛ ПРОМЕТ ДОО, со седиште на ул. Блажо Алексов бр.1 Кавадарци, поднесе барање УП I 13-281 од 16.5.2017 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ УНИ ПАЛАС 2 Кавадарци, со седиште на ул.Индустриска бб Кавадарци, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителски објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај УП I 13-281 од 18.5.2017 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две ѕвезди пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 („Службен весник на Република Македонија", бр. 41/2013).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија", бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016 и 71/2016), Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува Решение за утврдување на категорија на угостителски објект.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Бр.44-3435/1**
**31 јули 2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**

Прилог

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА**
**УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ**

# ИЗВЕШТАЈ

**за извршена категоризација на угостителскиот објект за сместување, со предлог за определена категорија на угостителскиот објект за сместување**

**Бр. УПІ 13-281 од 18.0 / 05 / 2017 година**

Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување, постапувајќи по барање бр. УПІ.13-281 од 16.05.2017 година, поднесено од УНИВЕРЗАЛ ПРОМЕТ ДОО, со адреса УЛ. БЛАШО АЛЕКСОВ БР. 1 во КАВАДАРЦИ за утврдување и исполнување услови за категоризација во угостителски објект ХОТЕЛ УНИ ПАЛАС 2 (вид на угостителски објект) ХОТЕЛ со предлог категорија од угостителот од ЧЕТВРТА КАТЕГОРИЈА

изврши увид на предметниот објект при што го утврди следното:

СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ, КОМИСИЈАТА ИЗВРШИ УВИД ВО УГОСТИТЕЛСКИОТ ОБЈЕКТ ХОТЕЛ УНИ ПАЛАС 2 КОЈ СЕ НАОЃА НА УЛ. ИНДУСТРИСКА ББ ВО КАВАДАРЦИ.

КОМИСИЈАТА ПОСЛЕ ИЗВРШЕНИОТ УВИД, КОНСТАТИРА ДЕКА ХОТЕЛ УНИ ПАЛАС 2 ГИ ИСПОЛНУВА УСЛОВИТЕ ЗА ХОТЕЛ ОД ЧЕТВРТА КАТЕГОРИЈА СО ДВЕ (2) ЅВЕЗДИ

Во врска со утврдената фактичка состојба присутното лице ги имаше следните забелешки:

| | | |
|---|---|---|
| Од наведеното се констатира дека објектот условите за бараната категорија | ☒ ГИ ИСПОЛНУВА | ☐ НЕ ГИ ИСПОЛНУВА |
| Записникот е прочитан на присутните Странки и забелешки: | ☐ ИМА | ☒ НЕМА |

Учесници во увидот    име и презиме    предложена категорија    потпис

Од Комисијата:

1. Сунај Јакупов
2. Зоран Николовски
3. Марија Благичева
4. Адријана Ќеи
5. Ванче Стојановски
6. Ирена Закимовска
7. Бинела Мустафчева
8. Маријана Ристевска
9. Гунај Сали
10. Хане Јосифовски
11. Виктор Стојковски
12. Ismet Sadiku
13. Urim Ibraimi

Од Барателот:

1. Весна Милсова

Врз основа на член 27-б став 3 од Законот за угостителската дејност, решавајќи по барањето бр. УП. I. 13-281 од 16.05.2017 година, Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување донесе

**ПРЕДЛОГ ЗА КАТЕГОРИЈА**
**на угостителскиот објект за сместување**

1. Се утврдува дека угостителскиот објект ХОТЕЛ УНИ ПАЛАС 2 КАВАДАРЦИ со седиште на адреса УЛ. ИНДУСТРИСКА ББ ги исполнува условите согласно Правилникот за категоризација на угостителски објекти за ХОТЕЛ од ЧЕТВРТА категорија со ДВЕ (2) ѕвезди.

2. Составен дел од Извештајот е фотографски документиран материјал кој се користи како доказ за исполнување на условите и стандардите според кој се врши категоризација на угостителскиот објект.

3. Образложение од член од комисијата кој не се согласува со предложената категорија.

18.05.2017 КАВАДАРЦИ
Датум и место

Комисија за категоризација
**Претседател**

М.П.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ